УНИВЕРЗИТЕТ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
GOCE DELCEV UNIVERSITY IN STIP, FACULTY OF LAW
УНИВЕРСИТЕТ ИМ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВА, ЮРИДИЧЕСКИЙ ФАКУЛЬТЕТ

ШЕСТАТА МЕЃУНАРОДНА
НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА
SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE
ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ КОНФЕРЕНЦИЯ

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

## СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
PROCEEDINGS
СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ



ШТИП, 2019
STIP, 2019

Универзитет „Гоце Делчев“-Штип, Правен факултет
Штип, Република С. Македонија

ШЕСТА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО ГЛОБАЛНИОТ СВЕТ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**Штип, 2019**

Goce Delcev University in Shtip, Faculty of Law
Shtip, Republic of N. Macedonia

SIXTH INTERNATIONAL SCIENTIFIC CONFERENCE



# SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD

PROCEEDINGS

**Shtip, 2019**

Университет им. Гоце Делчева, Юридический факультет
Штип, Республика С. Македония

ШЕСТОЙ МЕЖДУНАРОДНАЯ НАУЧНАЯ
КОНФЕРЕНЦИЯ

# СОЦИАЛЬНЫЕ ИЗМЕНЕНИЯ В ГЛОБАЛЬНОМ МИРЕ

СБОРНИК МАТЕРИАЛОВ

**Штип, 2019**

Sixth International Scientific Conference: SOCIAL CHANGES IN THE GLOBAL WORLD © 2019 Copyright Goce Delcev University in Shtip, Republic of N. Macedonia. Address: Goce Delcev University, Shtip, Faculty of Law, ul. Krste Misirkov bb, PO box 201, 2000, Shtip, R. N. Macedonia. www.ugd.edu.mk;

**Печати / Print 2-ри Август-Штип / 2- ri Avgust- Shtip**
**Уредник: Марија Амповска**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.42(100)(062)

МЕЃУНАРОДНА научна конференција (6 ; 2019 ; Штип)

Општествените промени во глобалниот свет : зборник на трудови / Шеста меѓународна научна конференција = Social change in the global world : proceedings / Sixth international scientific conference = Социальные изменения в глобальном мире : сборник материалов / Шестой международная научная конференция. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет ; Shtip : Goce Delcev University, Faculty of law, 2019. - 1062 стр. : илустр. ; 25 см

Трудови на повеќе јазици. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-647-9

а) Општествени промени - Свет - Собири
COBISS.MK-ID 110919178

- All manuscripts were subject of double – blind peer - review process.

- No responsibility can be accepted by the publisher or compilers for the accuracy of the information presented. The expressed opinions are of the authors and does not necessarily coincide with the views of the Program Committee and the Organizational Committee of the conference.
- The UDK numbers for each of the manuscripts are contained in the electronic version of the proceedings, available on: http://js.ugd.edu.mk/index.php/scgw

## Организациски комитет / Organizational Committee/ Организационный комитет конференции

Marija Ampovska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Milica Sutova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia, milica.sutova@ugd.edu.mk

Natasa Doneva LL.M, Faculty of Law, Goce Delcev University, Shtip, Republic of North Macedonia

## Програмски комитет / Program Committee / Программный комитет конференции

Agim Nuhiu PhD, Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia, agim.nuhiu@unite.edu.mk

Alenka Verbole PhD, currently- OSCE Mission in Tirana, University of Ljubljana, Slovenia, alenka.verbole@osce.org

Ana Nikodinovska Krstevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, ana.nikodinovska@ugd.edu.mk

Anastasia Bermúdez Torres PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liege, Belgium, abermudez@ulg.ac.be

Andon Majhoshev PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, andon.majhosev@ugd.edu.mk

Borka Tushevska PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, borka.tusevska@ugd.edu.mk

Elena Ivanovna Nosreva PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, elena@nosyreva.vrn.ru

Gabriela Belova PhD, Faculty of Law, University "Neofit Rilski", Blagoevgrad, Bulgaria, gbelova@hotmail.com

Gemma Andreone PhD, Institute for International Legal Studies of the Italian National Research Council (ISGI - CNR), Italy, gemma.andreone@gmail.com

Ice Ilijevski, PhD, Faculty of security – Skopje, University St. Kliment Ohridski – Bitola, iilijevski@fb.uklo.edu.mk

Igor Kambovski PhD, Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip, Macedonia, igor.kambovski@ugd.edu.mk

Ivana Bajakić PhD, Department of Economic Sciences, Faculty of Law, Zagreb, Croatia, ivana.bajakic@pravo.hr

Jadranka Denkova PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, jadranka.denkova@ugd.edu.mk

James C. Helfrich PhD, Global Scholars, Liberty University, Colorado, USA, jchelfrich@aol.com

Jovan Ananiev PhD, Faculty of Law, University “Goce Delcev”- Shtip, Macedonia, jovan.ananiev@ugd.edu.mk

Jovan Zafiroski, PhD, Faculty of Law, St Cyril and Methodius University in Skopje, j.zafiroski@pf.ukim.edu.mk

Kristina Misheva PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristina.miseva@ugd.edu.mk

Kristine Whitnable PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, kristine.whitnable@ugd.edu.mk

Maciej Czerwinski PhD, Institute of Slavic Philology, Jagiellonian University, Krakow, Poland, maciej.czerwinski@uj.edu.pl

Marija Ampovska, PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, marija.ampovska@ugd.edu.mk

Marija Ignjatovic PhD, Faculty of Law, University of Nis, Serbia, marija@prafak.prafak.ni.ac.rs

Migena Leskoviku Prof. Dr, University of Tirana, Albania, migena.leskoviku@gmail.com

Natalia Vladimirovna Butusova PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, butusova@law.vsu.ru

Nikolai Baranov PhD, Baltic State Technical University Voenmeh, At. Petersburg State University, St. Petersburg, Russia, nicbar@mail.ru

Nives Mazur Kumrić PhD, Faculty of Law, Political Science and Criminology, University of Liège, Belgium, nives.mazurkumric@ulg.ac.be

Novak Krstić, PhD, Faculty of Law, University of Niš, novak@praf.ni.ac.rs

Olga Koshevaliska PhD, University “Goce Delcev”- Shtip, Faculty of Law, Macedonia, olga.kosevaliska@ugd.edu.mk

Ruzica Simic Banovic, PhD, Faculty of Law, University of Zagreb, Croatia, ruzica.simic@pravo.hr

Silviu G. Totelecan PhD, Cluj-Napoca Branch of Romanian Academy, Socio-Human Research Department of "G. Baritiu" History Institute, Romania, silviu.totelecan@g,ail.com

Slavejko Sasajkovski PhD, Institute for Sociological, Political and Legal Research, University “St. Cyril and Methodius”, Skopje, Macedonia, bilbilef@isppi.ukim.edu.mk

Strahinja Miljkovića PhD, Faculty of Law, Mitrovica, strahinja.miljkovic@pr.ac.rs

Strashko Stojanovski PhD, Faculty of Law, Goce Delcev University in Shtip, Macedonia, strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

Suzana Dzamtoska Zdravkovska PhD, American University of Ras Al Khaimah, Ras Al Khaimah, UAE, suzana.zdravkovska@aurak.ac.ae

Tamara Perisin, MJur (Oxon) PhD, Department of European Public Law - Jean Monnet, University of Zagreb - Faculty of Law, Croatia, tamara.perisin@pravo.hr

Tatyana Dronzina, Professor, Political Science Department, St. Kliment Ohridski University of Sofia, dronzina@gmail.com

Tunjica Petrašević PhD, Faculty of Law, University of Osijek, Croatia, tpetrase@pravos.hr

Viktoria Serzhanova, Professor, University of Rzeszow, Faculty of Law and Administration, viktoria@ur.edu.pl

Wouter Van Dooren PhD, Public Administration and Management, University of Antwerp, Belgium, wouter.vandooren@uantwerpen.be

Yuriy Nikolaevich Starilov PhD, Faculty of Law, Voronezh State University, Russia, juristar@vmail.ru

Zeynep Ece Unsal, PhD, Istanbul Gelisim University, Faculty of Economics Administrative and Social Sciences - Department of Political Science and International Relations, zeunsal@gelisim.edu.tr

## TABLE OF CONTENT

**LAW**…………………………………………………………………….................................9

**Agnieszka Wojciechowska**
DEVELOPMENT OF EDUCATIONAL RIGHTS OF MIGRATING CHILDREN IN THE LIGHT OF FINANCIAL SOLIDARITY OF EUROPEAN UNION MEMBER STATES……………………………………………………………………………..11

**Aleksandra Gruevska Drakulevski**
TRAFFIC DELIQUENCY IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA IN THE PERIOD 2010-2017: CRIMINOLOGICAL ASPECTS.......................................................23

**Aleksandra Pavićević**
RIGHT OF RETENTION OF POSSESSION AS A REAL RIGHT OF ENSURING THE CLAIM IN SERBIAN AND COMPARATIVE LAW.........................................................53

**Ana Radina**
THE CHANGES IN THE MATRIMONIAL PROPERTY REGIME IN CROATIA – THE UNFINISHED QUEST FOR IMPROVEMENT...................................................................65

**Anđelija Tasić**
COMPARATOR AS THE ELEMENT OF DISCRIMINATION - IS THE THEORETICAL CONCEPT RECOGNIZED IN SERBIAN CASE LAW?...................................................77

**Angel Ristov**
ON THE NEED FOR REFORMS IN THE MACEDONIAN MARITAL PROPERTY REGIME……………………………………………………………………………..83

**Angela Zubco**
OPPORTNITIES AND PERSPECTIVES ON THE APPLICATION OF MEDIATION IN THE ACTIVITY OF PUBLIC ADMINISTRATION.........................................................99

**Anton Petričević**
MIGRATIONS AND THE RIGHT TO EMPLOYMENT OF FOREIGNERS IN THE REPUBLIC OF CROATIA………………………………………………………...107

**Biljana Činčurak Erceg**
INLAND WATERWAYS TRANSPORT IN THE EUROPEAN UNION - FLOWING OR STILL STANDING?……………………………………………………………….123

**Biljana Todorova**
SOCIAL PROTECTION OF EMPLOYED WOMEN DURING PREGNANCY AND MATERNITY LEAVE……………………………………………………………137

**Darko Dimovski, Milica Stanković, Miomira Kostić**
STALKING – THE CHALLENGES OF NEW INCRIMINATION……………………….153

**Dimitar Apasiev**
THE ROLE AND SIGNIFICANCE OF THE STATE ATTORNEY'S OFFICE IN THE MACEDONIAN JUSTICE SYSTEM – II…………………………………………….....161

**Eduard Burda, Lívia Trellová, Lucia Smolková**
AMNESTY AND PARDON UNDER THE SLOVAK LAW AND THEIR UNIQUE STORY ……………………..……………………………………………………………………..175

**Elena Maksimova, Dejan Marolov**
THE STANDARDS OF THE EUROPEAN CONVENTION ON HUMAN RIGHTS REGARDING THE PROHIBITION OF TORUTURE, INHUMAN OR DEGRADING TREATMENT OR PUNISHMENT…………………………………………….…………187

**Esin Kranli Bajram**
THE TESTAMENTI FACTIO ACTIVA ET PASSIVA IN ROMAN AND CONTEMPORARY LAW........................................................................……………..207

**Givi Abashidze**
PROSECUTOR'S DISCRETIONARY POWERS ON CARRYING OUT CRIMINAL PROSECUTION (Georgian Model of Discretionary Criminal Prosecution)………………225

**Goran Jovanić, Vera Petrović**
LIFELONG SEGREGATION BY PRISON SENTENCE – PROS AND CONS…………..233

**Goran Koevski, Borka Tusevska Gavrilovik, Darko Spasevski**
ESTABLISHING OF SPECIALIZED COMMERICAL COURTS AS ALTERNATIVE FOR REDEFINING OF THE COURT SYSTEM OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA……………………………………………………………………...247

**Gordana Damjanović, Danijela Petrović**
COMPENSATION FOR DAMAGES TO COPYRIGHT INFRINGEMENT…………….263

**Ilia A. Vasilyev**
UEFA FINANCIAL FAIR PLAY AS COMPLIANCE WITH THE OBJECTIVES OF FOOTBALL CLUBS' FINANCIAL STABILITY AND THE INTEGRITY OF THE COMPETITION ……………………………….…………………………………..273

**Ivana Šumanovska-Spasovska**
ENFORCEMENT OF ADMINISTRATIVE VERDICTS - NOVELTIES AND CHALLENGES –………………………………………………………………….283

**Ivanka Vasilevska**
CREATING NATIONAL GERMANY: HISTORY, POLITICS AND LAW…………….299

**Ivica Josifovic**
THE EUROPEAN ARREST WARRANT AND THE PROTECTION OF FUNDAMENTAL RIGHTS: THE FAMOUS JUDGMENT IN ARANYOSI AND CALDARARU CASE….311

**Jadranka Denkova, Jovan Ananiev, Strasko Stojanovski**
RESPONSIBILITY OF ADMINISTRATION BASIC PRINCIPLE IN THE ADMINISTRATIVE PROCEDURE……………………………………………………323

**Jasmina Cvetanoska**
AGGRESSIVE TAX PLANNING - A CHALLENGE FOR IMPROVING TAX LEGISLATION………………………………………………………………………….337

**Jasmina Dimitrieva**
PROTECTING THE RIGHT TO HEALTH OF PRISON POPULATION………………..…..351

**Jelena Stojšić Dabetić, Predrag Mirković**
SCOPE AND QUALITY OF LEGAL PROTECTION AFFORDED TO COMPUTER PROGRAMS AS OBJECT OF INTELLECTUAL PROPERTY…………………………..365

**Katarina Momirović**
AGENT PROVOCATEUR - INTERNATIONAL STANDARDS AND NATIONAL REGULATION………………………………………………………………………….375

**Kristine Neimane**
REPLACEMENT OF THE INELIGIBLE RESPONDENT - THE PROCEDURAL TOOL FOR EFFICIENCY AND JUSTICE OF THE CIVIL LITIGATION (comparative analyze of civil procedure regulation in the Baltic states and Russian federation) ……………………..383

**Natalia Butusova**
CONSTITUTION AS A VALUE AND CONSTITUTIONAL VALUES (ON THE EXAMPLE OF RUSSIA…………………………………………………………………...397

**Natalia Simonova**
LAW REGULATIONS IN THE SPHERE OF USING GENETICALLY MODIFIED ORGANISMS ………………………………………………………………………..….417

**Nazmi Malici, Zorica Siljanovska**
CORPORATE GOVERNANCE IN THE BRICS COUNTRIES – A CHALLENGE FOR THE GLOBAL ECONOMY ........................................................................................................…427

**Olga Koshevalska, Lazar Nanev, Elena Maksimova**
COMPARATIVE REFERENCE TO THE WOMEN'S PENITENTIONAL CONDITIONS - CLOSED IN THE COUNTRIES OF THE FORMER YUGOSLAVIA………………..…441

**Robert Grzeszczak**
MAKING SURE EUROPEAN LAWS ARE FIT FOR PURPOSE – THE BETTER REGULATION PRINCIPLES IN THE EUROPEAN UNION……………………………465

**Rodna Živkovska, Tina Pržeska, Milica Šutova**
DERIVATIVE ACQUISITION OF REAL RIGHTS IN MACEDONIAN CONTEMPORARY LAW……………………………………………………………475

**Saša Atanasov, Mirjana Đukić, Božidar Otašević**
WITNESS PROTECTION PROGRAMS FOR JUSTICE COLLABORATORS – COMPARATIVE OVERVIEW (POSITIVE LEGAL SOLUTIONS IN THE REPUBLIC OF SERBIA, THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, USA, ENGLAND AND ITALY)…………………………………………………………………………..…493

**Saša Knežević, Ivan Ilic**
LIMITATION OF THE RIGHT TO PRIVACY BY SECRET OBSERVATION OF THE SUSPECT'S COMMUNICATION …………………………………………………..….509

**Stanka Stjepanovic**
FROM OBSHCHINA TO PARTNERSHIP……………………………….……………….525

**Suzana Nashkova**
CRIMINAL LAW PROTECTION OF TRADE SECRETS: AN ANALYSIS OF THE SOLUTIONS CONTAINED WITHIN THE UNITED STATES LEGISLATION……..….535

**Tatiana Mikoni**
ALLOCATION OF LOSSES CAUSED BY UNAUTHORIZED PAYMENTS BETWEEN BANK AND CLIENT………………………………………………………………..….551

**Tatiana Safronova**
AGREEMENT ON NEGOTIATING AS NEW INSTITUTE OF THE RUSSIAN CIVIL LAW……………………………………………………………………………………..563

**Valdis Blūzma**
LEGAL REGULATION OF THE ABOLITION OF SERFDOM IN BALTIC GOVERNORATES OF THE RUSSIAN EMPIRE IN EARLY 19TH CENTURY: HISTORICAL BACKGROUND, REALISATION, SPECIFIC FEATURES AND EFFECT………………………………………………………………...…………..575

**Vanda Božić**
CRITICAL REVIEW OF THE INCRIMINATION OF CRIMINAL ACTS AGAINST HONOR AND REPUTATION IN THE CROATIAN CRIMINAL LAW…………………589

**Viktoria Serzhanova**
REFLECTIONS OVER THE PHENOMENON OF STATE POWER……………………601

**Zaneta Poposka**
REASONABLE ACCOMMODATION FOR PERSONS WITH DISABILITIES……..…611

**POLITICS**……………………………………………………………………………625

**Ana Nikodinovska Krstevska, Strasko Stojanovski**
INTERNATIONAL ASPECTS AND IDENTITY ISSUES OF THE PRINCIPLE OF SELFDETERMINATION OF PEOPLE THROUGH THE PRISM OF THE PRESPA AGREEMENT…………………………………………………………………..…627

**Biljana Karovska-Andonovska**
HUMANITARIAN INTERVENTION AND HUMAN RIGHTS PROTECTION: LEGAL AND ETHICAL DILEMMAS……………………………………………………..…645

**Dance Galeva**
COMPARATIVE ANALYSIS OF LEGAL REGULATION AND POLICIES FOR BUILDING OF NATIONAL IDENTITY AND FOR PROMOTION OF MULTICULTURALISM IN THE SINGAPOREAN AND MACEDONIAN SOCIETY…657

**Christina Kobeleva Alekseevna**
DYNAMICS OF POLITICAL TRUST IN CONTEMPORARY RUSSIAN SOCIETY ..…673

**Ilija Životić, Daniela Trajkovska**
MIGRATION, HUMAN RIGHTS, POLITICAL AND SECURITY RISKS FOR SMALL STATES……………………………………………………………………………683

**Marin Beroš, Marta Božina Beroš**
EMU'S GOVERNANCE POST-CRISIS: WHAT ROLE FOR INTERGOVERNMENTALISM?.........................................................................…693

**Michaela Moravčíková**
RELIGION IN ECONOMIC AND LEGAL RELATIONS - THIRTY YEARS SINCE THE FALL OF COMMUNISM …………………………………………………………703

**Nikola Ambarkov**
FACTORS THAT INFLUENCE THE USE OF THE PRESIDENTIAL VETO – THE MACEDONIAN CASE…………………………………………………………….…719

**Nikolai Baranov**
POLITICIZATION OF THE CHURCH AND STATE RELATIONS IN THE MODERN WORLD: A ROLE OF ROC IN POLITICAL LIFE OF RUSSIA…………………………737

**Olga Popova**
IDENTITY POLICY MODELS AND TECHNOLOGIES IN “NEW” STATES…………..757

**Tamara Zametina**
STRATEGY OF THE STATE NATIONAL POLICY OF RUSSIA: PROBLEMS AND CONCEPTUAL DIRECTIONS OF PERFECTION………………………………………773

**Tatiana Senyushkina**
THE POLITICS OF MEMORY AND THE CONFLICT OF GENERATIONS…………...791

**Toni Gorgiev, Goce Stoilovski**
THROUGH THE SITUATION OF REFUGEES AND MIGRANTS TO STRENGTHEN CAPACITY IN TRANSIT COUNTRIES...................................................................801

**SOCIETY**……………………………………………………………………………813

**Angelka Kesnikova, Makedonka Radulovik, Irena Bundalevska Avirovik, Ivana Dragovik**
SUPPORT OF FAMILIES WITH A CHILD WITH DISABILITIES IN DEVELOPMENT……………………………………………………………………815

**Consuelo Diodati**
GLOBALIZATION AND A NEW EXPRESSION OF AUTHORITARIAN PERSONALITY: BULLYING AMONG YOUTHS………………………………………………………827

**Dragan Stefanovski**
THE CHALLENGES OF THE MODERN CITY IN THE ERA OF MAJOR MIGRATION PROCESSES……………………………………………………………………………839

**Dragana Ćorić**
WOULD SOCRATES BE SENTENCED TO DEATH PENALTY TODAY?..................855

**Dragana Lazarevska**
COMPARATIVE ANALYSIS OF CONSEQUENCES AND CHANGES IN THE SYSTEMS OF DIVORCE IN THE WORLD AND REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA………...861

**Katerina Shapkova Kocevska**
DIFFERENT METHODOLOGICAL APPROACHES REGARDING MEASUREMENT OF RULE OF LAW………………………………………………………………………883

# ХУМАНИТАРНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА: ПРАВНИ И ЕТИЧКИ ДИЛЕМИ

**Билјана Каровска-Андоновска**
Воена академија „Ген. Михаило Апостолски” - Скопје
biljana.k.andonovska@morm.gov.mk

**Апстракт**

Хуманитарната интервенција како форма на употреба на воена сила спрема суверена држава во случај на флагрантни повреди на основните човекови права на нејзините граѓани, е едно на најконтраверзинте прашања во меѓународните односи кое отвора низа правни и етички дилеми. Прашањата кои доминираат во дебатата за хуманитарната интервенција се однесуваат на нејзината легалност наспрема нејзината оправданост, и се сведуваат првенствено на следната дилема: Дали меѓународната заедница треба да дејствува со воена сила во случај на евидентни повреди на меѓународното право за човекови права или пак тоа треба да се третира како прашање кои спаѓа исклучиво во внатрешните работи на државата? На ова основно прашање, се надоврзува и следното: Со каков интензитет треба да бидат повредите на човековите права, за да се дозволи дерогирање на државниот суверенитет? Досегашната практика на хуманитарни интервенции ја наметна и следната дилема: Дали може да се оправда употреба на воена сила кога хуманитарна интервенција се презема без донесена одлука од Советот за безбедност на ООН?

Овој труд не е со интенција да ги разреши сите постојни дилеми, туку да даде соодветен придонес во дебатата за хуманитарната интервенција, како и да ги идентификува прашањата кои се сеуште отворени и кон чие решавање треба да се насочат понатамошните дискусии на оваа тема.

**Клучни зборови:** хуманитарна интервенција, правни и етички дилеми, употреба на воена сила, човекови права

# HUMANITARIAN INTERVENTION AND HUMAN RIGHTS PROTECTION: LEGAL AND ETHICAL DILEMMAS

**Biljana Karovska-Andonovska**
Military Academy "Gen. Mihailo Apostolski"- Skopje
biljana.k.andonovska@morm.gov.mk

**Abstract**
Humanitarian intervention as a form of use of military force undertaken against a sovereign state in a case of flagrant violations of fundamental human rights of its citizens, is one of the most controversial issues in the international relations that opens a series of legal and ethical dilemmas. The issues that dominate in the debate on humanitarian intervention are related to its legality versus its justification, and are reduced primarily to the following dilemma: Should the international community act with military force in a case of evident violations of international human rights law or should it be treated as an issue that falls exclusively under the internal affairs of the state? This fundamental question is also complemented by the following: What intensity should the violations of human rights be, to influence over or derogate the state sovereignty? The practice of undertaken humanitarian interventions has also raised the following dilemma: Whether the use of military force can be justified when the humanitarian intervention is undertaken without a decision by the UN Security Council?
This paper is not intended to resolve all existing dilemmas, but to make an appropriate contribution to the debate on humanitarian intervention, as well as to identify the issues that are still open and to address the further discussions on this topic.

**Key words:** humanitarian intervention, legal and ethical dilemmas, use of military force, human rights

**ВОВЕД**

Меѓународниот поредок воспоставен со формирањето на Организацијата на обединетите нации (ООН) се темели на суверена еднаквост на сите држави членки на ООН кои меѓусебните спорови треба да ги решаваат со мирољубиви средства и да се воздржуваат од закана со сила или употреба на сила против територијалниот интегритет или политичката независност на било која држава. Овие основни принципи поставени во Повелбата на ООН,[1] како такви се потврдени и со Декларацијата за пријателски односи на ООН.[2] Ова всушност значи дека употребата на воена сила на меѓународно ниво е регулирана преку принципот на општа забрана утврден во член 2 став 4 од Повелбата на ООН. Меѓутоа, во однос на овој принцип утврдени се два исклучоци. Имено, со Повелбата е дозволена употреба на сила во случај на индивидуална или колективна самоодбрана (член 51) и во случај кога Советот за безбедност на ООН ќе процени дека е потребно да се преземат мерки заради одржување или повторно воспоставување на меѓународниот мир и безбедност (член 42). Во однос на примената на воена сила во вториот случај, Советот за безбедност на ООН претходно треба да употреби други мерки како што се целосен или делумен прекин на економските односи, заострување на дипломатските односи, како и прекин на железничките, поморските, воздушните, поштенските, телеграфските, радиографските и другите средства за комуникација. Доколку овие мерки се покажат како неадекватни, тогаш може да се преземат и дејства со воздухопловни, поморски или сувоземни сили кои се нужни заради одржување или повторно воспоставување на меѓународниот мир и безбедност.

Наспрема принципот на општа забрана за употреба на сила и предвидените исклучоци, во правната доктрина и во меѓународната пракса на државите и на меѓународните организации, постои силно изразена заложба за прифаќање на еден нов институт во меѓународното право - правото на хуманитарна интервенција против држава која грубо и систематски ги крши правилата на МХП или на меѓународното право за човекови права.[3] Бидејќи повредата на човековите права во меѓународните акти не е експлицитно утврдена како причина поради која може да се употреби воена сила против суверена држава, примената на хуманитарната интервенција отвора низа правни и етички дилеми.

---

[1] Повелба на Организацијата на обединетите нации, достапно на: https://treaties.un.org/doc/publication/ctc/uncharter.pdf

[2] Декларација за пријателски односи, достапно на: http://www.un-documents.net/a25r2625.htm

[3] Види: Василевски, В., Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 357

## 2. Правни и етички дилеми поврзани со употребата на воена сила заради заштита на човекови права

Прашањата кои доминираат во дебатата за хуманитарната интервенција се однесуваат на нејзината легалност наспрема легитимноста и се сведуваат првенствено на следната дилема: Дали постои правна основа за употреба на воена сила против суверена држава во случај на повреди на меѓународното право за човекови права? Во барањето на соодветен одговор на ова прашање, се надоврзуваат и низа други релевантни прашања, меѓу нив и следните: Дали меѓународната заедница треба да дејствува со воена сила во случај на евидентни повреди на меѓународното право за човекови права или пак тоа треба да се третира како прашање кои спаѓа исклучиво во внатрешните работи на државата? Со каков интензитет треба да бидат повредите на човековите права, за да се дозволи дерогирање на државниот суверенитет? Дали може да се оправда употреба на воена сила кога хуманитарна интервенција се презема без одлука од Советот за безбедност на ООН?

Употребата на воена сила во случај на повреди на човекови права, од аспект на нејзината легалност и легитимност, е прашање кое генерално сеуште се движи помеѓу толкувања и интерпретации кои ги апострофираат аргументите „за" наспрема аргументите „против" хуманитарна интервенција. Сеуште најголем број од експертите од оваа област, како и повеќето од државите, дури и оние кои учествувале во хуманитарна интервенција, се воздржани во однос на нејзиниот правен статус и легитимност. Во периодот по Студената војна започна пракса во која интервенцијата на државите со воена сила од хуманитарни побуди се чинеше дека ќе се институционализира како норма.[4] Ова секако беше предизвикано, помеѓу останатото, и од неуспехот да се спречат трагичните случувања во 90-тите години на Балканот и во Руанда, како и критиката за воената интервенција на Косово и во Југославија како кршење на забраната за употреба на сила. Во тој период беше отворена сериозна меѓународна дебата преку која се бараше најсоодветен начин за реакција во случај на груби и систематски повреди на човековите права. Меѓутоа, настаните во Сирија; изјавите на администрацијата на Трамп; или онаа на Макрон заедно со засилувањето на Русија и Кина на глобален план, се чини како да го вратија прашањето околу хуманитарната интервенција во периодот на Студената војна.[5]

### 2.1. Правни дилеми поврзани со хуманитарната интервенција

Во врска со правната основа на хуманитарна интервенција, постојат поделени ставови главно на две групи експерти со

[4] Види: Хаџи Јанев, М., Критички осврт кон ставот на МВР, Article 1, Institute for Global Policies and Law, декември, 2018

[5] Исто

спротивставени гледишта. Првата група експерти ја оспоруваат легалноста на употреба на воена сила заради заштита на човекови права и сметаат дека доктрината на хуманитарната вооружена интервенција е без каква и да е правна основа, доколку не е вклопена под случаите кога со Повелбата на ООН е дозволена употреба на сила.[6] Исто така, оваа група експерти сметаат дека хуманитарната интервенција многу тешко може како правен институт да се приспособи на постојниот систем на меѓународно право во кој забраната за употреба на сила има статус на „ius cogens” норма. Очигледниот недостаток на законски „обврзувачки'' материјал кој ја регулира хуманитарната интервенција доведе до ситуација на правни црни дупки.[7] Самата идеја за интервенција со воени средства, според оваа група на експерти, го маргинализира меѓународното право кое е базирано на принципите на државен суверенитет и не-интервенција. Како резултат на тоа, некои автори основано закучуваат дека „кога меѓународните принципи се поткопани, резултатот е хаос во меѓународните односи и постојан пораст на доминацијата на силните нации над слабите.”[8] Во прилог на ова се апострофираат и пресудите на Меѓународниот суд на правдата кои ја потврдуваат забраната за интервенција во меѓународното право, а во пресудата за еден од најзначајните судски случаи за употреба на воена сила, случајот со Никарагва, конкретно е нагласена забраната за употреба на сила заради заштита на човекови права.[9]

Втората група на експерти, правната основа на хуманитарната интервенција ја наоѓаат токму во постојните стандарди и принципи на меѓународното право, особено оние кои се однесуваат на почитувањето и заштитата на човековите права. Според нив, хуманитарната интервенција е форма на заштита во ситуации на масовно и систематско кршење на човековите права. Ова толкување се поткрепува уште и со фактот дека со овој вид на интервенции не се посегнува по територијалниот интегритет на државата и не се менува политичкото уредување на државата во која се интервенира, туку дека воена сила се применува единствено заради заштита на фундаментално важна вредност како што се човековите права. Промоторите на хуманитарната интервенција применија едно можно толкување на Повелбата на ОН, во делот 2(4) кое става акцент врз три столба: непостоење на апсолутна забрана за интервенција вон наброените случаи во член 2(4); третирање на Повелбата во целина и нагласување на нејзините основни вредности во кои се и човековите права и нивната заштита; и ефективност на акцијата на ООН за

---

[6] Rodleu, N.S., Human rights and Humanitarian Intervention: The Case Law of the World Court, 38 I.C.L.Q.321,332, 1989, цитирано во Василевски, В., Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 359

[7] Jayakumar, K., Humanitarian Intervention: A Legal Analysis, 2012, достапно на: https://www.e-ir.info/2012/02/06/humanitarian-intervention-a-legal-analysis/

[8] Merriam, J., Kosovo and the Law of Humanitarian Intervention, Case Western Reserve Journal of International Law, Volume 33/Issue I, p. 112-154, School of Law, Case Western Reserve University, 2001, p. 116

[9] International Court of Justice, Military and Paramilitary Activities in and against Nicaragua (Judgment), 27th June 1986

спречување на кршењето и нарушувањето на нејзините основни вредности.[10]

Низ призмата на конкретни случаи, основата за преземена хуманитарна интервенција која во форма на воздушни напади во Сирија ја извршија САД, Франција и Велика Британија во 2018 година, без одлука на Советот за безбедност на ООН, заради наводна заштита на човековите права, лидерите на овие три држави ја оценија како неопходна за спроведување на забраната за употреба на хемиско оружје. Владата на Велика Британија на пример, официјално се произнесе во однос на интервенцијата како преземање на мерки кои се дозволени со меѓународното право, а со цел да се спречат преголеми хуманитарни страдања. Во поткрепа на овој став, беше објаснето дека правната основа за употреба на сила е всушност хуманитарна интервенција за чие преземање треба да се исполнат три услови: да постојат убедливи докази општоприфатени од меѓународната заедница во целина во однос на тоа дека постои екстремна хуманитарна катастрофа во голем обем која бара итна помош; објективно и јасно е дека не постои практична алтернатива на употребата на сила ако треба да се спасат човечки животи; употребата на сила мора да е неопходна и пропорционална со целта насочена кон спречување на хуманитарно страдање, како и да биде ограничена во време и во обем согласно поставената цел.[11]

Меѓутоа, во контекст на ова објаснување за преземање на хуманитарната интервенција, треба да се истакне дека Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиските оружја и за нивно уништување,[12] која ја забранува употребата на хемиско оружје не предвидува унилатерална употреба на сила како одговор за непочитување на Конвенцијата. Освен тоа, за спроведување на нејзините одредби, оваа Конвенција предвидува механизми, како што се истраги од страна на експерти од ООН за хемиско оружје, а во ситуации со посебна тежина и доставување на прашање до Генералното собрание и Советот за безбедност.[13]

### 2.2. Етички дилеми поврзани со хуманитарната интервенција

Наспрема правните дилеми за хуманитарната интервенција, државите како членки на ООН се соочуваат и со предизвик кој е наметнат од фактот што во одредени ситуации основано се поставуваат и следните прашања: Дали меѓународната заедница треба да биде пасивна и да ги затвори очите пред флагрантни и масовни

[10] Фрчкоски, Љ., Георгиевски, С., Петрушевска, Т., Меѓународно јавно право, МАГОР, Скопје, 2012, p. 648

[11] Види: https://www.gov.uk/government/publications/syria-action-uk-government-legal-position/syria-action-uk-government-legal-position

[12] Конвенција за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиските оружја и за нивно уништување, достапна на:
https://www.opcw.org/chemical-weapons-convention

[13] член 12 од Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиските оружја и за нивно уништување.

повреди на човекови права кои имаат етнички, религиозен или друг предзнак? Дали случувањата со човековите права во една држава се прашање кое ја засега единствено таа држава или пак ја засега и пошироката меѓународна заедница? Дали напливот на бегалци од една во друга држава е прашање кое спаѓа само во доменот на внатрешните работи на државата или треба да се третира во поширок контекст?

Одредбите на Женевските конвенции можат да послужат како подлога за одговор на некои од наведените отворени прашања. На пример, согласно член 1 од сите Женевски конвенции од 1949 година,[14] но и член 89 од Протокол I од 1977 година,[15] државата е должна да обезбеди почитување на МХП, не само во границите на својата држава, туку и надвор, сама или заедно со други држави или преку ООН. Меѓутоа, правната околност што почитувањето на МХП и на правото за човекови права, не е исклучително внатрешно прашање на државата и што тоа прашање е легитимна обврска и грижа и на меѓународната заедница, не претставува само по себе доволен правно валиден основ за вооружена хуманитарна интервенција во една држава, само поради фактот што се крши тоа право во една држава.[16] Од овие причини, за некои автори ова е своевиден ќор-сокак со кој се соочуваат државите во ситуации кога треба да спречат хуманитарна трагедија и притоа посегнуваат по употреба на воена сила како крајно средство, а во исто време бараат аргументи за самоодбрана, со цел да се избегнат можните реперкусии од ООН.[17] Од друга страна, користењето на хуманитарната интеревенција само како изговор, во ситуација кога е евидентно дека крајна цел е остварување на геостратешки интерес, е исто така, прашање кое останува отворено и контраверзно. Загриженоста во врска со овие ситуации, долго време доминира и во академските дебати.[18]

Низ призмата на реализирани хуманитарни интервенции овие дилеми беа особено присутни на пример во хуманитарните интервенции преземени на територијата на поранешна Југославија, особено интервенцијата во Косово и СРЈугославија во 1999 година, од страна на НАТО, а во врска со наводно грубо кршење на човековите права на територијата на Косово. На оваа интервенција навистина и претходеа неколку обиди за надминување на настанатата ситуација преку други соодветни механизми. Самата интервенција претставуваше своевиден преседан, споредено со дотогашните извршени хуманитарни интервенции, но и со интервенциите кои беа подоцна изведени. Пред сè, за прв пат хуманитарна интервенција

[14] The Geneva Conventions of 12 August 1949, International Committee of the Red Cross, Geneva, Switzerland

[15] Protocols Additional to the Geneva Conventions of 12 August 1949, International Committee of the Red Cross, Geneva, Switzerland

[16] Василевски, В., Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 359

[17] Види: Merriam, J., Kosovo and the Law of Humanitarian Intervention, Case Western Reserve Journal of International Law, Volume 33/Issue I, p. 112-154, School of Law, Case Western Reserve University, 2001, p. 114

[18] Goodman, R., HUMANITARIAN INTERVENTION AND PRETEXTS FOR WAR, The American Journal of International Law, Vol. 100:107, p. 107-141, 2006, p. 107

беше спроведена од страна на меѓународна организација. Потоа, оваа интервенција беше спроведена без одлука на Советот на безбедност на ОН. Оние кои настојуваат да ја оправдаат оваа интервенција, главно истакнуваат дека таа формално-правно беше нелегална, но дека беше неопходна и легитимна.

## 3. Меѓународното право за човекови права наспрема принципот на не-интервенција

Хуманитарната интервенција е прашање преку кое се спротивставуваат принципите кои ја сочинуваат основата на меѓународното право. Наспрема принципот на не-интервенција и немешање во внатрешните работи кој е основа на државниот суверенитет, се наметнува хуманоста како принцип и правото на секоја држава да постави прашање за третманот на граѓаните во друга држава според меѓународнто право за човекови права. Балансирањето помеѓу принципи кои во одредени ситуации можат да бидат спротивставени еден наспрема друг, нужно ќе значи излегување надвор од строгата интерпретација на секој од тие принципи. Во оваа насока, пацифизмот понекогаш нужно мора да се балансира со потребите кои ги наметнува реалноста која може да биде сурова за незаштитените граѓани изложени на терор и прогон. Поради овие причини, одговорите и основата за хуманитарната интервенција можеби треба да се бараат некаде помеѓу пацифизмот и актуелна реалност во секој конкретен случај. Во овој контекст, неспорно е дека почитувањето на човековите права во една држава има влијание врз мирот и безбедноста не само внатре во државата, туку и врз меѓународниот мир и безбедност. Со ширењето на корпусот на човекови права, јакнењето на свеста за нивното постоење и потребата за почитување, тоа влијание е посилно и со тоа неизбежно мора да се признае зависноста на меѓународниот мир и безбедност од почитувањето на човековите права внатре во државата. [19] Ова дотолку повеќе што меѓународни реперкусии може да предизвика напливот на бегалци кон други држави кој се случува како резултат на масовни и систематски повреди на човековите права. Со тоа, овие прашања нужно излегуваат од доменот на исклучиво внатрешни работи на една држава. Под влијание на овие факти, кон крајот на минатиот век, започна модифицирано да се толкува принципот на не-интервенција што беше основа за развивање на доктрина според која - една држава или сојуз од држави треба да преземат одговорност и преку воени операции да спречат масовно кршење на човековите права или на

---

[19] Raičević, H., HUMANITARNA INTERVENCIJA U MEĐUNARODNOM JAVNOM PRAVU, (doktorska disertacija), Univerzitet u Nišu, PRAVNI FAKULTET, 2008, стр. 400

правилата на меѓународното хуманитарно право. Модерната верзија на овој тип на заштита е развиен во концепт наречен „Одговорност да се заштити" (Responsibility to Protect- R2P). Одговорноста за заштита е всушност обид да се балансираат спротивставените ставови во однос на легитимитетот на примената на воена сила заради кршење на човековите права. Ова е сепак концепт кон кој треба да се изгради сериозен пристап, а не концепт кој треба да ја легитимира употребата на воена сила во секој сучај. Според професор Ванковска, хуманитарната интервенција и доктрината *Responsibility to protect* „со себе внесоа голема доза на морализирање и легитимирање на употреба на сила која не се употребува за самоодбрана, туку за заштита на други од масовно кршење на човекови права".[20] Како и да е, овој концепт се заснова на идејата дека постои поделена одговорност меѓу државите и меѓународната заедница. Имено, од суверенитетот произлегува обврска за почитување на општоприфатените стандарди и принципи, а меѓу нив секако основните човекови права, бидејќи секоја суверена држава има примарна одговорност да ги заштити сопствените граѓани. Меѓутоа, доколку државата не сака да обезбеди почитување на човековите права или не може да спречи нивно грубо кршење, тогаш според оваа доктрина, меѓународната заедница би можела да интервенира во таа држава со цел да го спречи кршењето на човековите права и настанувањето на хуманитарна катастрофа. Конкретно, тоа би значело дека доколку државата олицетворена во актуелната власт ги прекршува овие стандарди и принципи, тогаш во тој случај би можело да се прекрши и принципот на не-интервенција или тогаш би требало некој друг однадвор да го спречи грубото кршење на општо прифатените принципи и страндарди.

Вака утврдени, овие принципи и елементи на концептот R2P, како и неговата идеа воопшто, може да се каже дека се прифатени како позитивни од аспект на хуманата димензија која е во суштината на овој концепт. Истовремено, многу држави и експерти, изразуваат загриженост за ефектите од таквото делегирање на широки овластувања на трети држави и милитаризацијата на меѓународните односи која би можела да произлезе од тоа. Меѓутоа, без оглед на спротивставените ставови и во однос на овој концепт, дилемата за правната основа на примената на воена сила во вид на хуманитарна интервенција останува и понатаму, особено кога таа се презема без одлука на Советот за безбедност на ООН. Ова особено кога се знае дека правна норма со „ius cogens" статус, може да се замени само со норма од ист карактер. Тоа значи дека за воспоставување на хуманитарната интервенција како норма, потребна е согласност од целата (или речиси од целата) заедница на држави.[21]

Во досегашните хуманитарни интервенции, заштитата на човековите права не беше секогаш главната причина за употреба на

---

[20] Vankovska, B., MODERN FORMS OF LEGITIMATION OF WAR, Security Dialogues ONLINE, Faculty of Philosophy, p. 15, available at: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/no-1/arer

[21] Види: Portela, C., Humanitarian Intervention, NATO and International Law – Can the institution of Humanitarian Intervention Justify Unauthorized Action?, Berlin Information center for Transatlantic Security, 2000

воена сила против суверена држава, што дополнително внесува конфузија во третманот на нејзиниот легитимитет. Интервенцијата во Хаити, на пример, е случај кога соборувањето на режимот на претседател кој по пат на воен удар ја презел власта од претходно легално избраниот претседател, беше причина за воена интервенција, формално третирана како хуманитарна интервенција. Воената интервенција од страна на Танзанија врз Уганда е исто така случај на преземена воена интервенција, не поради евидентниот терор кој го спроведувал тогашниот претседател на Уганда, туку заради пројавените териториjални претензии на Уганда спрема Танзанија и провокациите на подрачјето на границата помеѓу овие две држави. Наспрема овие случаи, во други случаи на реализирани хуманитарни интервенции, сепак прашањето за флагрантно кршење на човековите права, дури и таму кадешто не е директно причина за интервенција, сепак е во позадината на случувањата. Кршењето на човековите права, со елементи на етничко чистење, беа несомнено главните причини за интервенции во Руанда и на територијата на поранешна Југославија. Исто така, интервенцијата на Индија во Пакистан, без формална одлука од Советот за безбедност на ООН, беше предизвикана од реперкусиите кои ги имаше напливот на огромен број бегалци од Источен Пакистан кон границата со Индија, токму како резултат на теророт врз населението од тој дел на Пакистан. Во Ирак се интервенираше во еден наврат како реузлтат на инвазијата на Ирак врз Кувајт, и по вторпат заради тероризирање на припадниците на Шиитското и Курдското население од страна на тогашната ирачка власт. Во Сомалија се интервенираше заради страдање на населението, теророт, колапсот на економијата и буквално неможноста за функционирање на системот на власта, како резултат на спротивставените фракции кои го парализираа функционирањето на државата.

**Заклучок**

Употребата на воена сила заради заштита на човековите права во форма на хуманитарна интервенција, иако формално не постои како правна норма, таа егзистира како политички принцип. Јасно е дека и покрај оспорувањето на нејзината правна издржаност, хуманитарната интервенција и понатаму ќе биде присутна на меѓународната сцена. Некои примери од практиката покажуваат дека во одредени ситуации само со воена интервенција можеше да се спречи ескалација на конфликт и да се избегне хуманитарна катастрофа од поголеми размери. Исто така, факт е дека ООН честопати остануваат неефикасни, а одлучувањето на Советот за безбедност се парализира преку правото на вето на постојаните членки. Во такви ситуации на блокада на механизмите за колективна безбедност, наспрема евидентна опасност од хуманитарна катастрофа, на површина излегува одговорноста на државите да го заштитат населението во друга држава кое е подложено на страдање. Од овие причини, постои своевидна согласност дека хуманитарна интервенција треба да се преземе во случај на масовно и систематско

кршење на човековите права во една држава, но повторно не постои согласност за тоа дали интеревнцијата може да се преземе откако повредите на човековите права настапиле или е доволно да постои опасност за повреда на човековите права. Исто така, преземените хуманитарни интервенции без одлука на Советот за безбедност на ООН се силно оспорувани во меѓународните односи.

Имајќи го предвид наведеното, јасно е дека и понатаму остануваат отворени прашања во контекст на хуманитарната интервенција и затоа дебатите на оваа тема би требало да резултираат со усвојување на општо прифатени стандарди во однос на следните прашања: Со каков интензитет треба да бидат повредите на човековите права, за да се дозволи дерогирање на државниот суверенитет? Како да се направи проценка за бројот на жртви пред да се преземе хуманитарна интервенција? Дали во случај на блокада на работата на Советот за безбедност поради вето на постојана членка, треба да се искористат други алтернативи за авторизација на хуманитарната интервенција?

Во насока на одговор на овие прашања, полезно би било членките на ООН да прифатат дека одредени услови мора да се земат предвид пред воопшто да се употреби воена сила во суверена држава поради кршење на човековите права на нејзините граѓани. Исполнетоста на условите мора да се проценува во секој конкретен случај поединечно и во основа тие услови треба да се однесуваат на следните околности:

- Правилна, несубјективна и навремена проценка на реалноста, со сериозно испитување на сите околности кои се во прилог на употреба на воена сила, како и на оние кои не ја оправдуваат употребата на воена сила во конкретниот случај;

-Употребата на воена сила мора да се примени како последно средство и единствено доколку другите механизми кои се употребени нема да дадат соодветен резултат;

- Хуманитарната интервенција треба да биде авторизирана од ООН, бидејќи надвор од мандатот на оваа организација, постои сериозна опасност дека интервенцијата може понекогаш да се искористи како параван за остварување на други интереси кои не се поврзани со хуманоста или за злоупотреба на овој институт од силните против послабите држави;

- Во случај на неможност на Советот за безбедност да донесе одлука, треба да се искористи можноста предвидена со Резолуцијата „Обединети за мир” на ООН од 1950 година и прашањето да се постави пред Генералното собрание кое во рамки на своите овластувања може да препорача преземање на колективни активности, вклучително и употреба на воена сила, во случаи на нарушување на мирот или агресија. Се разбира, во контекст на преземање на хуманитарна интервенција, овие случаи треба да бидат проследени и со флагрантни повреди на основните човекови права на граѓаните на државата во која ќе се интервенира.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### Користена литература

- Vankovska, B., MODERN FORMS OF LEGITIMATION OF WAR, Security Dialogues ONLINE, Faculty of Philosophy, available at: http://sd.fzf.ukim.edu.mk/no-1/arer
- Василевски, В., Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002
- Goodman, R., HUMANITARIAN INTERVENTION AND PRETEXTS FOR WAR, The American Journal of International Law, Vol. 100:107, p. 107-141, 2006
- Jayakumar, K., Humanitarian Intervention: A Legal Analysis, 2012, достапно на: https://www.e-ir.info/2012/02/06/humanitarian-intervention-a-legal-analysis/
- Merriam, J., Kosovo and the Law of Humanitarian Intervention, Case Western Reserve Journal of International Law, Volume 33/Issue I, p. 112-154, School of Law, Case Western Reserve University, 2001
- Portela, C., Humanitarian Intervention, NATO and International Law – Can the institution of Humanitarian Intervention Justify Unauthorized Action?, Berlin Information center for Transatlantic Security, 2000
- Raičević, H., HUMANITARNA INTERVENCIJA U MEĐUNARODNOM JAVNOM PRAVU, (doktorska disertacija), Univerzitet u Nišu, PRAVNI FAKULTET, 2008
- Rodleu, N.S., Human rights and Humanitarian Intervention: The Case Law of the World Court, 38 I.C.L.Q.321,332, 1989, цитирано во
- Хаџи Јанев, М., Критички осврт кон ставот на МВР, Article 1, Institute for Global Policies and Law, декември, 2018
- Фрчкоски, Љ., Георгиевски, С., Петрушевска, Т., Меѓународно јавно право, МАГОР, Скопје, 2012

### Документи

- Declaration on Principles of International Law concerning Friendly Relations and Co-operation among States in accordance with the Charter of the United Nations, достапно на: http://www.un-documents.net/a25r2625.htm
- International Court of Justice, Military and Paramilitary Activities in and against Nicaragua (Judgment), 27th June 1986
- Convention on the Prohibition of the Development, Production, Stockpiling and Use of Chemical Weapons and on their Destruction, достапна на: https://www.opcw.org/chemical-weapons-convention
- Charter of The United Nations, достапно на: https://treaties.un.org/doc/publication/ctc/uncharter.pdf
- Protocols Additional to the Geneva Conventions of 12 August 1949, International Committee of the Red Cross, Geneva, Switzerland
- The Geneva Conventions of 12 August 1949, International Committee of the Red Cross, Geneva, Switzerland
- https://www.gov.uk/government/publications/syria-action-uk-government-legal-position/syria-action-uk-government-legal-position